ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 7790/6
Датум: 25.11.2021
Скопје

Врз основа на член 6 од Правилникот за безбедност и обработка на личните податоци ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување како и з а повторно враќање на зачуваните лични податоци

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци кои се обработуваат во Општина Карпош (во натамошниот текст: општината) во својство на контролор.

### Член 2

Општината врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во системот, за да се спречи нивното губење или уништување. За таа цел се користи сервер за поддршка, во кој еднаш дневно се креира резервна копија на личните податоци кои се обработуваат во општината во случај на пад на компјутерскиот систем или негово оштетување од каква било причина, сите податоци остануваат сочувани на серверот. Податоците во резервната копија се енкриптираат пред да се префрлат на серверот.

### Член 3

Заради заштита од неовластен пристап, серверот во кој е сместена сигурносна копија на сите снимени податоци, е сместен во безбеден простор, заштитен со брава, до кој имаат пристап само администраторите на информацискиот систем.

### Член 4

Министерството, двапати месечно прави дополнителна сигурносна копија на податоците од серверот на преносен мемориски уред. Вака направената сигурносна копија подлежи na физичка и криптографска заштита, со што се оневозможува каква било модификација на содржината на истата. По извршеното копирање сигурносната копија се носи на алтернативната безбедносна локација која се наоѓа надвор од работните простории на

општината. Пристап до алтернативната локација каде се чува преносниот мемориски уред има администраторот на информацискиот систем при што уредот се чува затворен во сеф со безбедносна брава и кој е обезбеден од физички влијанија (пожар, поплава и сл. ).

**Член 5**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци, се врши евидентирање на таквото враќање на податоците, како и се евидентира датумот на враќањето на податоците и категоријата на податоци што се враќа. За враќањето на личните податоци се составува записник во кој се наведува лицето кое го врши враќањето, времето и категоријата на личните податоци.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*